Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë
Број/Numër: 02-2907/6
Дата/Data: 27.12.2018

Врз основа на чл. 7 став 3 од Законот за комунални дејности (Сл.Весник на РМ бр.95/12) и Изменувањата и дополнувањата на Законот (163/13, 42/14, 44/15 и 147/15), член 5 став 1 т.(4) и член 12 став 2 т.(3) од Законот за урбано зеленило, (Сл.Весник бр.11/18), член 19 од Законот за јавни претпријатија (СВ бр.38/96-64/18) и чл. 26 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило- Скопје бр.02-207/5 од 08.02.2016 г., Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило, на седницата одржана на ден 27.12.2018 г., донесе

# ОДЛУКА
## за усвојување

**Член 1**

УО ја разгледа содржината на Програма за изградба, одржување и користење на зелени површини за јавна употреба на подрачјето на Град Скопје за 2019 година бр. 08-2896/1 од 25.12.2018 г.

**Член 2**

Се усвојува Програма за изградба, одржување и користење на зелени површини за јавна употреба на подрачјето на Град Скопје за 2019 година бр. 08-2896/1 од 25.12.2018 г.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Совет на Град Скопје.

**Образложение**

Согласно законските одредби, јавното претпријате е должно да изработува годишна програма за изградба, одржување и користење на зеленилото на територијата на Град Скопје, која содржи податоци за предвидените работни активности потребниот број на извршители и целосното финансиско покритие за нивна реализација . Поради тоа изготвената програма на претпријатието за 2019 година, директорот ја достави на управниот одбор на разгледување и усвојување. По нејзиното усвојување од управниот одбор, програмата ќе се применува по добиена согласност од Советот на Град Скопје.

Управниот одбор ја разгледа и донесе одлука како во диспозитивот.

**Доставено до:**
-архива
-стручни служби
-претс.на УО
-директор
-основач

**ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
**ПРЕТСЕДАВАЧ НА УО,**

Даниела Николова